956

12122

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Недела 26 октомври 1980 год. ● стр. 18

## ГЕСТОВИ ШТО НЕ СЕ ЗАБОРАВААТ

# ШТО МОЖЕ ВНИМАНИЕТО И СОЛИДАРНОСТА

**● Герхард Ледиќ, репортер и колекционер од Загреб е еден од првите луѓе во земјата кој на настраданото Скопје по земјотресот му подари пет дела од наивни уметници од својата колекција**

Неодамна Музејот на современата уметност од Скопје ја збогати својата графичка колекција со 35 графики што му ги испратија како подарок ликовни уметници од целата земја. Основан и создаден како израз на југословенската и меѓународната солидарност по земјотресот, Музејот и денес ги пополнува своите збирки со дела од југословенски и странски ликовни уметници кои чувствуваат потреба преку помошта на оваа институција да му помогнат и на градот.

Природно, веста за новите подарени дела на Музејот од Скопје ја обиколи целата земја. Таа го поттикна загрепскиот репортер и колекционер Герхард Ледиќ, еден од првите дародавци што на градот по земјотресот му отстапи дела од својата колекција, да испрати писмо до нашата редакција, во кое потсетува на некои моменти од времето на акцијата во СР Хрватска за помош на настраданиот град, што се помалку познати за пошироката наша јавност.

„Непосредно по земјотресот во Скопје, во Загреб беше покрената акција за солидарност и помош под наслов „Изложби за Скопје", со намера да се соберат ликовни дела и така да се даде прилог кон обновата на музејскиот и галерискиот фундус на настраданиот град — пишува Ледиќ. Иницијативата за ова ја дадовме книжевникот Звонимир Голоб, тогашен уредник на „Телеграм", и јас. Преземавме сè да ја реализираме нашата замисла, почнувајќи од ангажирањето на Југословенската академија на науките и уметностите, редакцијата на „Телеграм", Здружението на ликовните уметници на Хрватска, па до останатите потребни поединости. Така, уште на почетокот на август 1963 година, оваа солидарна акција беше отворена во Модерната галерија како помош за Скопје. По тој повод, беше отворена и изложба на творби и наивните уметници од Југославија со вкупно 113 експонати, кои ги дадов на располагање од својата колекција „Светот на наивните", поставувајќи ја притоа споменатата изложба и вршејќи ги сите соодветни работи и обврски околу неа.

„Можеби ви е помалку познато, вели Ледиќ понатаму, дека за оваа манифестација е печатен и посебен каталог, со цртеж на настраданото Скопје на насловната страница, кој сам го напишав, уредив и сложив. Тој каталог во некоја рака претставува крштеница, прв роденденски спомен на вашата институција, Музејот на современата уметност во Скопје. Заедно со Звонимир Голоб пробдеавме денови и ноќи акцијата да успее. Баравме средства, хартија за печатење на каталозите, работевме на плакатот... Првите пет уметнички дела што во оваа акција беа подарени на Скопје, беа од мојата колекција. Тоа беа слики од Иван Лацковиќ, Јоже Хорват Јаки и Фрањо Вујчец и скулптури од Петар Смаиќ и Стјепан Бaverrastalц. Верувајте, сè што направивме за акцијата за „Скопје 63" беше спонтано, несебично и со голема љубов. Се уверивме уште еднаш што може да направи човечкото внимание и солидарност: да создаде една таква институција каква што е вашиот Музеј".

Во знак на признание за особени заслуги за градот, Собранието на град Скопје пред 13 години на Ледиќ му подели спомен—плакета, а Музејот на современата уметност од Скопје во сите свои каталози кон различните варијанти на постојните свои поставки му оддава признание и благодарност на овој колекционер кој и денес со внимание го следи развојот и напредокот на Музејот во чие создавање и сам учествуваше. Музејот деновиве на Ледиќ му се обрна со молба да испрати примерок од каталогот на августовската загрепска изложба во 1963 година, што не го поседува. (С. Ѓ.)